Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

Извадок на ден од дневни настани 07.09.2022

Денеска (07.09.2022) во 08.30 часот во с.Дебреште, прилепско, полициски службеници од СВР Битола- ОВР Прилеп го лишиле од слобода И.Р.(41) од Дебреште. При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени пет пушки и еден пиштол различен калибар и повеќе парчиња муниција од различен калибар, кои без дозвола ги поседував. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

Денеска (07.09.2022), на граничниот премин „Долно Блаце" од слобода бил лишен Н.Љ. (25) од Тетово. При пасошка контрола и при проверка во оперативната евиденција било констатирано дека бил баран со судска наредба за издржување затворска казна. Лицето било спроведено во Казнено-поправната установа Затвор Тетово за издржување на казната.

На 06.09.2022 во 10.30 часот на подрачјето на Аеродром, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Ѓ.Д.(35) од Скопје затоа тоа што кај него била пронајдена и одземена прашкаста материја. Подоцна, со судска наредба, полициски службеници од Единицата за недозволена трговија со дрога при СВР Скопје извршиле претрес во неговиот дом на подрачјето на Аеродром, при што пронашле и одзеле марихуана, амфетамини, екстази и куршуми од огнено оружје. Тој ќе биде задржан во полициска станица и по документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 06.09.2022 во 09.30 часот на подрачјето на Чаир, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Е.Н.(24) од с.Арачиново, скопско, затоа тоа што кај него биле пронајдени и одземени марихуана и дробилка. По документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 06.09.2022 околу 12.12 часот на патот Македонски Брод -Прилеп, на место викано „Суводолска крстосница", полициски службеници од СВР Битола - Полициска станица Прилеп го лишиле од слобода М.Н.(52) од Велес. При прегледа во возилото „мерцедес" со велешки регистарски ознаки, кое го управувал, биле пронајдени 30.000 евра и 5.200.000 денари за кои немал никаква потврда. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 06.09.2022 во Крушево, на место викано „Порта", полициски службеници од СВР Битола-ОВР Крушево затекнале патничко моторно возило „лада нива" со битолски регистарски ознаки, управувано од Д.М.(58) од Крушево, кое било натоварено со нежигосани зелени дабови огревни дрва. Возилото и дрвата биле одземени и предадени на шумска полиција. По документирање на случајот против Д. М. ќе следува соодветна кривична пријава.

Во текот на вчерашниот ден (06.09.2022) Министерството за внатрешни работи спроведе засилена акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционираше се 252 возачи. Од нив осум возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, а едно возило се движело со дури над 70 километри на час повеќе од дозволената брзина. Притоа 122 возила ја пречекориле брзината во населено место, а 130 надвор од населено место.

Министерството за внатрешни работи во текот на вчерашниот ден (06.09.2022) продолжи со засилените акциски контроли во областа на сообраќајот. На територијата на град Скопје изречени се вкупно 134 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 28 санкции, 16 мерки за возење без возачка дозвола, шест санкции за возење под дејство на алкохол. Изречени се четири мерки за користење мобилен телефон, седум санкции за некористење сигурносен појас, шест мерки за минување на затворен сигнал (црвено светло), седум санкции за возач почетник...

На 06.09.2022 на подрачјето на СВР Штип била спроведена акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата беле констатирани 39 прекршоци, од кои 32 во населено место и 7 надвор од населено место. На сите возачи им биле изречени соодветни санкции. Санкционирани биле и 15 други видови на прекршоци, од кои 2 за нерегистрирано возило, 5 за управување возило без возачка дозвола, 1 возач почетник, 2 за управување возило под дејство на алкохол, 2 за некористење сигурносен појас, 1 за користење мобилен телефон и 2 за непропишано паркирање.

Во текот на вчерашниот ден (06.09.2022) на територијата на СВР Битола спроведена е засилена акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возило со брзина поголема од пропишаната, при што санкционираше се 22 возачи. Од нив 13 возачи ја пречекориле брзината во населено место, а 9 возачи надвор од населено место. На сите прекршители изготвени им се соодветни поднесоци.

На 06.09.2022 во 11.12 часот во СВР Битола било пријавено дека на ул.„Македонски генијци" кај железничкиот премин за населба Боровенка во Битола, товарно моторно возило „волво" со демирхисарски регистарски ознаки, управувано од И.П.(43) од Демир Хисар, удрило во пешакот Љ.Т.(55) од Битола. Во несреќата на местото на настанот починал пешакот, а смрт била констатирана од лекар од Итната медицинска помош. Извршен бил увид од Јавен обвинител и увидна екипа од СВР Битола.

На 06.09.2022 во 22.30 часот во Полициската станица Аеродром, К.Л.(42) од Скопје пријавил дека на бул.„Јане Сандански" бил каснат од куче скитник.

На 06.09.2022 во 22.00 часот во Полициската станица Карпош, Т.Ј.(32) од Скопје пријавил дека на ул.„Кленовец" неговата малолетна керка била касната од куче скитник.

На 06.09.2022 во 19.15 часот во Полициската станица Ѓорче Петров, Т.С.(33) од Скопје пријавил дека на ул.„Лука Геров" бил каснат од куче скитник.

На 06.09.2022 во 11.50 часот на ул.„Браќа Миладиновци" во Прилеп, полициски службеници од СВР Битола - ОВР Прилеп го лишиле од слобода И.Б.(37) од Прилеп. При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени дигитална вага со остатоци од прашкаста материја и дробилка со остатоци од марихуана.

На 06.09.2022 во 22.30 часот на ул.„Спиро Џрне" во Прилеп, полициски службеници од СВР Битола - ОВР Прилеп ги лишиле од слобода И.К.(50) и Е.Р.(30), двајцата од Прилеп, затоа што кај нив била пронајдена и одземена бела прашкаста материја. Тие биле задржани во полициска станица и по целосно документирање на случајот против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 06.09.2022, од страна на полициски службеници од Полициската станица за Граничен премин Табановце биле констатирано непочитување на законите кај две патнички возила и еден автобус кои вршеле меѓународен превоз на патници. При контрола на автобус со кумановски регистарски ознаки, управуван од М.М.(51) од с.Матејче, липовско, патничко возило „мерцедес" со стружички регистарски ознаки, управувано од Р.Н.(53) од с.Василево, стружничко и патничко возило - „комби „киат" со кочански регистарски ознаки, управувано од Ф.Ј.(24) од с.Градец, виничко, било констатирано дека вршеле меѓународен превоз на патници без поседување на соодветна документација. Од страна на Државниот инспекторат за транспорт изречени се соодветни санкции за возачите и правните лица.

На 06.09.2022 во 15.20 часот во СВР Штип, од Казнено - поправната установа Затвор Штип било пријавено дека во затворот била пронајдена прашкаста материја. Полициски службеници од СВР Штип извршиле службен разговор со тројца осуденици Ќ.Ј.(38) од Струмица, И.С.(44) и А.Д.(40) од Свети Николе, а прашкаста материја ја одзеле за понатамошна постапка. Се работи на расчистување на случајот, по што ќе следи соодветен поднесок.

На 06.09.2022 во 11.25 часот на ул.„Трајко Тарџан" во Прилеп, полициски службеници од СВР Битола - ОВР Прилеп ги лишиле од слобода А.С.(32) и Ф.П.(32), двајцата од Прилеп, поради сомнение за сторено кривично дело по член 215 од Кривичниот законик. Подоцна, со судска наредба, бил извршен претрес во домот на Ф.П. и била пронајдена и одземена воздушна пушка. По целосно документирање на случајот против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 07.09.2022 околу 10.45 часот, полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода Д.З.(29) од Куманово. Околу 10.15 часот тој одзел предмети од патничко моторно возило во близина на автобуската станица во Куманово, а потоа бил фатен од полициски службеници при обид да одземе предмети од друго патничко моторно возило на улица „Доне Божинов" во Куманово. Д.З. бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе следува соодветна пријава.

На 06.09.2022 во 15.30 часот на ул.„Скопска" во Прилеп, полициски службеници од СВР Битола - ОВР Прилеп ја лишиле од слобода М.Д.(29) од Скопје поради сомнение за сторено кривично дело по член 215 од Кривичниот законик. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 06.09.2022 во 19.35 часот полициски службеници од СВР Штип, по преземени мерки со шумска полиција, на имот сопственост на С.Л. во Штип пронашле и одзеле огревни дрва без соодветна документација. Дрвата биле предадени на Јавното претпријатие Серта-Штип, а по целосно документирање на случајот ќе следува соодветна пријава..

На 06.09.2022 во атар на с.Кривени, ресенско, полициски службеници од СВР Битола - ОВР Ресен затекнале трактор „ИМТ", сопственост на Г.Б.(41) од с.Болно, ресенско, натоварен со бесправно исечено огревно дабово дрво. Тракторот и дрвата биле одземени и предадени на шумска полиција. По документирање на случајот против Г.Б. ќе следува соодветна пријава.

На 06.09.2022 во 12.20 часот во СВР Скопје било пријавено дека во Комплексот клиники „Мајка Тереза" во Скопје со тешки телесни повреди бил донесен К.С.Т.(34) од Република Турција. Според пријавното, тој се здобил со повредите додека извршувал работни задачи на објект во изградба во населба Керамидница – Скопје. увид на местото извршила екипа од СВР Скопје и трудов инспектор.

На 06.09.2022 во 18.30 часот во СВР Тетово, 66 - годишен жител на тетовско село пријавил дека околу 08.20 часот на неговиот син телефонски ев се јавило лице, наводно сопственик на стружничка фирма и му нарачало повеќе градежни материјали. По извесно време, тој ги натоварил материјалите на камион и ги испратил кон Струмица, но биле истоварени во скопско, а купувачот на материјалите му рекол дека тој ги платил на друго лице кое во меѓувреме дошло на неговиот плаќ, по што му станало јасно дека бил измамен. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 06.09.2022 во 15.30 часот во Полициската станица Кочани, 75-годишен жител на Кочани пријавил дека околу 10.00 часот во Кочани бил измамен од едно лице за сума од 1.500 евра. Според пријавното, лицето му кажало дека направило сообраќајна несреќа со друго лице – странец, кое не си разбирало паците - евра и ако има да му даде да ги види. Како што е пријавено, тој му дал часовник како гаранција, но тоа заминал и не се вратил, по што оштетениот сфатил дека е измамен. Се работи на расчистување на случајот.

На 06.09.2022 во 15.17 часот во Полициската станица Кочани било пријавено дека околу 15.00 часот во круговт на фабрика во Кочани, С.М.(23) од Кочани, управувајќи мотоцикл „кавасаки" без регистарски таблици, удрил во И.А.(19) и Ј.А.(41), двајцата од Кочани. Притоа, Ј.А. се здобила со тешки телесни повреди, а И.А. се здобил со телесни повреди, констатирани во болницата во Кочани. Увид на местото извршила увидна екипа на ОВР Кочани.

На 06.09.2022 во Полициската станица Велес, М.Г.(62) од Велес пријавил дека на ул. „Андон Шурков" во Велес бил каснат од куче скитник.

На 07.09.2022 во СВР Битола, Н.Т.(43) од Битола пријавил дека во Градскиот парк во Битола бил каснат од куче скитник.

ОВР Кичево поднесе кривична пријава против С.А.(69) од Кичево поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „вршење на јавен превоз без поседување лиценца". При контрола во сообраќајот, извршена на 10.08.2022, полициските службеници сопреле такси патничко возило управувано од пријавениот и притоа констатирале дека тој не поседува лиценца за вршење на општински јавен превоз на патници издадена од надлежен државен орган.

На 06.09.2022 во СВР Битола, С.С.(73) од Битола пријавил дека на ул.„Христо Ботев" во Битола бил каснат од куче скитник.

На 06.09.2022 година во 17.45 часот, Ј.Б.(59) од Кичево во полициска станица пријавил дека на булеварот „Ослободување" во Кичево бил каснат од куче скитник.

ОВР Струга поднесе кривична пријава против И.М.(40) од струшко само поради Радолишта поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". При контрола, извршена на улицата „НА" во Струга, полициските службеници кај него пронашле и одзедоа героин и стаклен предмет исполнет со метадон.

На 06.09.2022 во 10.00 часот во Полициската станица Гази Баба, Ј.Б.(47) од с.Јурумлери, скопско, пријавил дека од домот се одалечила неговата ќерка Ц.Б.(11) од с.Јурумлери. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 06.09.2022 во 13.00 часот во Полициското одделение Сарај, М.Х.(25) од с.Кондово, скопско, пријавила дека од сопственот дом се одалечила нејзиниот дедо А.С.(86) од с.Рашче, скопско. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 06.09.2022 во 20.10 часот во Полициската станица Карпош, П.С.(24) од Скопје пријавил дека во близина на крстот на Водно бил каснат од куче скитник.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против Ц.И.(71) и М.И.(66), двајцата од Куманово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „бесправно градење". Пријавените изградиле две куќи на место викано „Осканов рид" во Куманово, а со Записник од Секторот за инспекциски надзор при општина Куманово било утврдено дека не поседуваат потребна документација за градба издадена од Секторот на урбанизам при општина Куманово.